**Република Македонија**
**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**
**НА МАКЕДОНИЈА**
**Број: 02-127/2**
**22.01.2007 год.**
**С к о п ј е**

# ЗАПИСНИК
## од VIII-та седница на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија,

*одржана на 22.01.2007 година во 10:00 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство- претседател ;*
- *Тони Димовски, раководител на Сектор-Буџет во Министерството за финансии- заменик претседател;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, доктор на стоматологија, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија- член;*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија- член;*
- *Д-р Владо Ванковски, претставник на Стоматолошката и Лекарската комора на Македонија-член;*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија -член.*

***ПРИСУТНИ ОД ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ*
- *Д-р Љатиф Аљиљи, заменик директор на ФЗОМ*
- *Слаѓана Пешевска, шеф на кабинет (делумно присутна)*
- *Герасим Тренчевски, началник на план и анализа (делумно присутен)*
- *Лазар Трајчев, в.д. пом. директор на Правен сектор*
- *Златко Алексов, претседател на Комисија за јавни набавки(делумно присутен)*

- *Мирјана Масевска, лице задолжено за протокол*

*Пред започнување на седницата и во тек на истата, на присутните членови на Управниот одбор им беа поделени:*

- *Предлог- правилник за критериумите за склучување договори за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна стоматолошка здравствена заштита;*
- *Методологија за утврдување на завршени услуги во специјалистичко- консултативни стоматолошки услуги и методологија за утврдување на цени на завршените услуги и цени;*
- *Предлог-одлука за усвојување на Методологијата за утврдување на завршени специјалистичко-консултативни стоматолошки услуги и Методологија за утврдување на цени како и Цени на завршените услуги;*
- *Предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко-консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар;*
- *Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
- *Предлог-правилник за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
- *Цени на завршени услуги ОРТОДОНЦИЈА;*
- *Цени на завршени услуги ПРОТЕТИКА;*
- *Цени на завршени услуги ОРАЛНА ХИРУРГИЈА.*

*Сите овие материјали ќе бидат разгледувани под точката РАЗНО.*

*Аљбон Џемаили ја отвори седницата, го констатира присуството на сите членови на Управниот одбор и* ***го предложи*** *следниот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д***

*- Усвојување на Записникот од седмата седница на УО, одржана на 26.12.2006 година*

1. *БУЏЕТ на ФЗОМ за 2007 година:*

*а) Предлог-одлука за утврдување на Буџетот на Фондот за 2007 година;*
*б) Предлог-одлука за извршување на Буџетот на Фондот за 2007 година;*
*ц) Предлог-одлука за буџетските плафони на ЈЗУ за 2007 година;*

2. *МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ за реализација на средствата од Буџетот на Фондот за здравствено осигурување и на буџетите на ЈЗУ за месец НОЕМВРИ 2006 година;*
3. *ПЛАН за јавни набавки за 2007 година, а во рамки на предвидениот Буџет за 2007 година;*
4. *Предлог-одлука за утврдување на висината на основниот поен на здравствената услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт;*
5. *Предлог-правилник за утврдување на основниот поен за женската популација во примарна гинеколошка здравствена заштита;*
6. *Усвојување на статутот на ФЗОМ со измените согласно Законот за здравствено осигурување;*
7. *Измена на Правилникот за начинот и постапката за вршење на набавки од мала вредност;*
8. *РАЗНО*

- *Предлог- правилник за критериумите за склучување договори за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна стоматолошка здравствена заштита;*

- *Методологија за утврдување на завршени услуги во специјалистичко- консултативни стоматолошки услуги и методологија за утврдување на цени на завршените услуги и цени;*
- *Предлог-одлука за усвојување на Методологијата за утврдување на завршени специјалистичко-консултативни стоматолошки услуги и Методологија за утврдување на цени како и Цени на завршените услуги;*
- *Предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко-консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар;*
- *Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
- *Предлог-правилник за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
- *Цени на завршени услуги ОРТОДОНЦИЈА;*
- *Цени на завршени услуги ПРОТЕТИКА;*
- *Цени на завршени услуги ОРАЛНА ХИРУРГИЈА.*

*Управниот одбор, со одредени интервенции на д-р Љубиша Каранфиловски (т.2 да биде т.1, а точката 1 да стане т.2), заради уважување на логиката во однос на разгледување на проблематиките, го усвои и утврди следниот*

## ***Д Н Е В Е Н Р Е Д***

- *Усвојување на Записникот од седмата седница на УО, одржана на 26.12.2006 година*

1. *МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ за реализација на средствата од Буџетот на Фондот за здравствено осигурување и на буџетите на ЈЗУ за месец НОЕМВРИ 2006 година;*
2. *БУЏЕТ на ФЗОМ за 2007 година:*

   а) *Предлог-одлука за утврдување на Буџетот на Фондот за 2007 година;*
   б) *Предлог-одлука за извршување на Буџетот на Фондот за 2007 година;*
   ц) *Предлог-одлука за буџетските плафони на ЈЗУ за 2007 година;*
3. *ПЛАН за јавни набавки за 2007 година, а во рамки на предвидениот Буџет за 2007 година;*
4. *Предлог-одлука за утврдување на висината на основниот поен на здравствената услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт;*
5. *Предлог-правилник за утврдување на основниот поен за женската популација во примарна гинеколошка здравствена заштита;*
6. *Усвојување на статутот на ФЗОМ со измените согласно Законот за здравствено осигурување;*
7. *Измена на Правилникот за начинот и постапката за вршење на набавки од мала вредност;*
8. *РАЗНО*

- *Предлог- правилник за критериумите за склучување договори за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна стоматолошка здравствена заштита;*
- *Методологија за утврдување на завршени услуги во специјалистичко- консултативни стоматолошки услуги и методологија за утврдување на цени на завршените услуги и цени;*
- *Предлог-одлука за усвојување на Методологијата за утврдување на завршени специјалистичко-консултативни стоматолошки услуги и Методологија за утврдување на цени како и Цени на завршените услуги;*
- *Предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко-консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар;*

- *Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
- *Предлог-правилник за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
- *Цени на завршени услуги ОРТОДОНЦИЈА;*
- *Цени на завршени услуги ПРОТЕТИКА;*
- *Цени на завршени услуги ОРАЛНА ХИРУРГИЈА.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

***- Усвојување на записникот од Седмата седница на УО, одржана на 26.12.2006 година***

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го усвоија записникот од седмата седница на УО на ФЗОМ, со забелешка од страна на м-р Маријана Лончар Велкова да не стои ,,да се нотира нејзиното барање,, (во делот на нејзина изјава), поради тафталогија.*

*Д-р Ванковски имаше протоколарни забелешки во однос на доставените материјали: тој апелираше, при реализацијата на заклучоците на УО ( конкретно од шестата седница) стручните служби да имаат пореспектабилен однос, а при изготвување на правилниците и ценовниците, да се има поаналитичен приод.*

***ТОЧКА 1*** *- МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ за реализација на средствата од Буџетот на Фондот за здравствено осигурување и на буџетите на ЈЗУ за месец НОЕМВРИ 2006 година;*

*Во дискусијата зедоа учество: д-р Љубиша Каранфиловски, Герасим Тренчевски, Георги Тренкоски,Тони Димовски, д-р Владо Ванковски, м-р Маријана Лончар Велкова, Трајче Леов и Борис Јосифовски. Потенцирано беше дека се забележува позитивен тренд, но дали тоа би значело и очекување на зголемување на приходите во месец декември, кога вообичаено се забележува најголем прилив во тек на годината (д-р.Каранфиловски). Од Месечниот извештај се забележува зголемување на обврските, компарирано со месец јуни 2006 година, тенденција на пораст на обврските која ги зголемува дубиозите: долговите на ЈЗУ се зголемуваат, а огромни средства одат на плати за договор на дело (д-р Ванковски). Објаснето беше дека со Законот за извршување на Буџетот се регулира незаконската категорија ,,договор на дело,, како ,,работа на определено време,,, а при вработувањата ќе важат правила подеднакви за сите, со давање согласности на реална основа и избор на најдобар понудувач преку агенциите(Т.Димовски). Се инсистираше на суштинско и трајно решавање на проблемот со подеднаков третман на регулативата во приватната сфера (Т.Леов). Укажано беше дека пред УО не се настапува со фондовска анализа и дали е возможно кварталните анализи кои се процедурална обврска, да бидат сведени и на месечни за подетално информирање на УО на ФЗОМ (М.Л.Велкова).Фондот нема надлежност за вработувањата, туку контролата треба да ја има Министерството за здравство ;се додека нема пазарни критериуми за вреднување на извршените услуги, нема да има ред; излезот треба да се бара во приватизацијата која би ја зголемила одговорноста и рационализацијата, а Фондот би имал зајакнати контроли; ние како Фонд тука немаме надлежност, но нас не тангира (м-р Б.Јосифовски).*

*После обемната дискусија Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ го усвои Месечниот извештај за реализација на средствата од Буџетот на Фондот за здравствено осигурување и на буџетите на ЈЗУ за месец НОЕМВРИ 2006 година.***

***ТОЧКА 2 -*** *БУЏЕТ на ФЗОМ за 2007 година:*
*а) Предлог-одлука за утврдување на Буџетот на Фондот за 2007 година;*
*б) Предлог-одлука за извршување на Буџетот на Фондот за 2007 година;*
*ц) Предлог-одлука за буџетските плафони на ЈЗУ за 2007 година;*

*Д-р Владо Ванковски, на самиот почеток, се огради од давање на својот глас за усвојување на Буџетот на ФЗОМ за 2007 година и ги наведе причините за таквиот став:*
- *да се продискутираат проектираните приходи за јавното здравство, кои се детално обработени, а од друга страна примарната здравствена заштита (гинекологија, стоматологија, педијатрија),што се концесионира, не е воопшто опфатена;*
- *ПИОМ во континуитет должи на Фондот и од тука не може да се очекува пораст на средства;*
- *превентивните програми не се реализирани- државата не партиципира во ФЗОМ никакви или само минимални средства;*
- *34% од средствата во Буџетот се нејасно образложени, како и тоа колку средства ќе однесе примарното здравство;*
- *како ќе се плаќаат 10.000 здравствени работници во концесионираното здравство, каде се буџетите за нив и сл.*

*Од тука неговата констатација дека овој извештај е нецелосен и неговата одлука да не гласа за него.*

*Директорот на Фондот образложи дека сегашниот менаџерски тим не може да преземе одговорност за овој Буџет бидејќи, според процедурите, тој е правен во јуни 2006 година. Сега не може да се разбие на поодделни буџети, а тогаш се одело со јавни здравствени услуги. Капитациониот модел е добро решение за примарното здравство и сега се оди на овој начин со цел несметано да се склучат договорите со ЈЗУ.*

*Д-р Љубиша Каранфиловски запраша на што се темели планираниот буџет за 2007 година, особено во делот на скратувањата на приходите за 650 милиони. Тоа, објасни Тони Димовски, се должи на 400 милиони по основ на хармонизација и 250 милиони по основ на рамен данок.*

*М-р Маријана Лончар Велкова смета дека треба да има преоценување на буџетските плафони за ЈЗУ, проследено со детална реална анализа. Герасим Тренчевски објасни дека тоа е веќе сторено за 2007, врз основа на барањата за зголемени буџетски плафони и здравствените установи кои даваат услуги за инсулин и дијализа, а кај лековите според фактичката потрошувачка (не колку се платени).*

*М-р Борис Јосифовски смета дека доколку треба да се усвои овој Буџет, заради несметаното функционирање на Фондот, тоа да се направи со уважување на сите забелешки од страна на членовите на Управниот одбор.*

*М-р Маријана Лончар Велкова укажа на фактот дека Буџетот е веќе усвоен од Собранието на РМ и објавен во Службен весник на РМ и дека Управниот одбор на Фондот треба само да го утврди и акцентот да го стави на донесување на одлуките за утврдување и извршување на Буџетот на Фондот за 2007 година.*

***а) Предлог-одлука за утврдување на Буџетот на Фондот за 2007 година;***

*Образложението за одлуката го даде Герасим Тренчевски, а УО на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување донесе Одлука за утврдување на Буџетот на Фондот за 2007 година.***

***б) Предлог-одлука за извршување на Буџетот на Фондот за 2007 година;***

*Тони Димовски и м-р Маријана Лончар Велкова укажаа на неколку пропусти од техничка природа:*

- *во членот 4 треба да стои ,, ... и согласно Законот за извршување на Буџетот за 2007 година,, ;*
- *на страна 1 точка 2 од образложението на Буџетот, да се брише терминот ,,социјални лица,, и да се замени со ,, невработени лица и лица корисници на социјална помош,, ;*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување донесе Одлука за извршување на Буџетот на Фондот за 2007 година.***

***ц) Предлог-одлука за буџетските плафони на ЈЗУ за 2007 година;***

*Оваа одлука беше предмет на поопширна дискусија, во која учество зедоа: д-р Љубиша Каранфиловски, д-р Владо Ванковски, м-р Борис Јосифовски, м-р Маријана Лончар Велкова, Тони Димовски, Трајче Леов, Георги Тренкоски и Герасим Тренчевски.*

*Дискусиите главно се однесуваа на недостиг на параметри, структурна анализа, со уважување на временската димензија и последиците врз непреченото функционирање на Фондот. Тони Димовски појасни дека за 2008 година Буџетот на Фондот со буџетските плафони на ЈЗУ ќе биде поинаков, со детални, структурни анализи од страна на стручните служби на Фондот, но во случајов скратени сме за интервенција во рана фаза, а во фазата на ребалансот има простор за корекции.Временскиот теснец бара итни поединечни анализи кои би се доставиле до УО на ФЗОМ, како не би дошло до времено финансирање.*

*Трајче Леов, д-р Владо Ванковски и д-р Љубиша Каранфиловски предложија, во рок од 10 дена, стручните служби да изготват структурни анализи и да се образложат сите проекции во правец на зголемување на буџетските плафони, со право на УО на ФЗОМ за пренасочување на средствата, доколку забележи необразложено зголемување на плафоните.*

*Управниот одбор на ФЗОМ, со еден глас воздржан (д-р Владо Ванковски) , донесе*

***З а к л у ч о к:***

***1.Управниот одбор на ФЗОМ донесе Одлука за буџетските плафони на ЈЗУ за 2007 година.***
***2.УО на ФЗОМ ја задолжи стручната служба на Фондот во рок од 10 дена да изготви структурни анализи и образложенија за проекциите во насока на зголемување на буџетските плафони, како и образложение како е испланиран делот што не се однесува на јавните установи од средствата на Буџетот на Фондот.***

***ТОЧКА 3 -*** *ПЛАН за јавни набавки за 2007 година, а во рамки на предвидениот Буџет за 2007 година;*

*Членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, го разгледаа Планот за јавни набавки за 2007 година, а во рамки на предвидениот Буџет за 2007 година и се согласија дека во целост треба да го испочитуваат, како интерен акт за непречено функционирање на Фондот како институција од јавен интерес.*
*Во дискусијата зедоа учество: Трајче Леов, д-р Владо Ванковски и Златко Алексов.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија го усвои ПЛАНОТ за јавни набавки за 2007 година, а во рамки на предвидениот Буџет за 2007 година.***

***ТОЧКА 4***- *Предлог-одлука за утврдување на висината на основниот поен на здравствената услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт;*

*Оваа предлог одлука беше доставена во две варијанти што ги образложи Лазар Трајчев. Првата варијанта е со фиксен износ од 15,00 денари за издаден лек на рецепт, наместо 13% маржа што Фондот им ја исплаќаше за лековите од позитивната листа и овозможува стимулирање за набавка на повеќе лекови .*
*Согласно важечките општи акти на Фондот, висината на надоместокот мора да биде утврдена во фиксен износ. Досегашната маржа од 13% е во спротивност со Правилникот, нагласи тој.*

*Втората варијанта претставува комбиниран систем каде надоместокот за секој издаден лек на рецепт е определен како збир на износ од 7,50 денари и износ во висина од 6,5% од цената на оригиналното пакување на лекот и овозможува стимулирање за купување на скапи и евтини лекови.*

*Во дискусијата зедоа учество: Трајче Леов, Георги Тренкоски, д-р Владо Ванковски, м-р Борис Јосифовски, д-р Љубиша Каранфиловски, м-р Маријана Лончар Велкова, Тони Димовски и м-р Борис Јосифовски, кои генерално, имаа сугестии за подлабока анализа и образложение за двете варијанти.*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесоа*

***З а к л у ч о к:***

***1.Управниот одбор на ФЗОМ донесе Одлука за утврдување на висината на основниот поен на здравствената услуга за обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт.***
***2.Висината на надоместокот времено се утврдува во фиксен износ од 15.00 денари за издаден лек на рецепт.***
***3. Се задолжува стручната служба за наредната седница да изготви образложенија и за двата предлога и да побара мислење од Фармацевтската комора на Македонија, како би се преиспитале и добро изанализирале и двете варијанти.***

***ТОЧКА 5-*** *Предлог-правилник за утврдување на основниот поен за женската популација во примарна гинеколошка здравствена заштита;*

*Директорот Г.Тренкоски даде опширно образложение за мотивите за избор на овој поен во примарната гинеколошка здравствена заштита. Притоа, тенденцијата е да се зголеми капитациониот бод за 56%, се во интерес на обезбедување стандардно квалитетна здравствена услуга во оваа сфера, што би значело дека докторот гинеколог ќе добива повеќе 30,00 денари месечно за секое осигурено лице. Наедно, претходно предвидениот број на пациенти (5.800) се намалува на околу 3.700, повторно во интерес на квалитетот на услугата.Тоа би значело менување на досегашниот коефициент од 0,43 на 0,67 за женската популација над 14 годишна возраст.Ова покачување не се одразува на средствата на Фондот и е во согласност со правилниците, а во 2007 година претстои обврска за преиспитување на сите коефициенти.*

*Во контекст на оваа точка д-р Владо Ванковски предложи, а членовите на УО на ФЗОМ се согласија, да се воведат бесплатни превентивни ПАП-тестови, финансирани од превентивните програми од Владата на РМ.*

*Членовите на УО на ФЗОМ едногласно донесоа*

***З а к л у ч о к:***

1. ***Управниот одбор на ФЗОМ донесе Правилник за утврдување на основниот поен за женската популација над 14 годишна возраст во примарна гинеколошка здравствена заштита, со коефициент од 0,67.***

a) ***Стручната служба да побара согласност од Министерот за здравство и да го објави во Службен весник на РМ.***

2. ***УО на ФЗОМ даде препорака ПАП-тестовите да бидат бесплатни и да се финансираат од превентивните програми на Владата на РМ.***
3. ***Стручната служба да поднесе официјално барање до Владата на РМ, врз основа препораката од Управниот одбор на Фондот.***

***ТОЧКА 6-*** *Усвојување на статутот на ФЗОМ со измените согласно Законот за здравствено осигурување;*

*Лазар Трајчев ја образложи потребата од донесување на пречистен текст на веќе еднаш усвоениот Статут на Фондот, со вградување на измените од ЗЗО.*

*Дискутираа: Трајче Леов и Маријана Лончар Велкова.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

1. ***УО на ФЗОМ го усвои Статутот на Фондот за здравствено осигурување со вградените измени согласно Законот за здравствено осигурување.***
2. ***Стручната служба веднаш да го достави истиот до Влада на РМ и да побара согласност.***
3. ***По добивање на согласноста од Владата, да се објави во Службен весник на РМ.***

***ТОЧКА 7-*** *Измена на Правилникот за начинот и постапката за вршење на набавки од мала вредност;*

*Измените во Правилникот за начинот и постапката за вршење на набавки од мала вредност, ги образложи Златко Алексов.*

*М-р Борис Јосифовски имаше забелешки на член 2 став 3, повеќе од техничка природа.*

*УО на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***УО на ФЗОМ го усвои Правилникот за начинот и постапката за вршење на набавки од мала вредност.***

***ТОЧКА 8-*** *РАЗНО*

***8.1.****Предлог-правилник за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*Членовите на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија едногласно донесоа*

***З а к л у ч о к:***

1. ***УО на ФЗОМ го усвои Правилникот за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија.***
2. ***Стручната служба да побара согласност од Министерот за здравство.***

***8.2.****Предлог- правилник за критериумите за склучување договори за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна стоматолошка здравствена заштита;*

*а) Методологија за утврдување на завршени услуги во специјалистичко- консултативни стоматолошки услуги и методологија за утврдување на цени на завршените услуги и цени;*

*б) Предлог-одлука за усвојување на Методологијата за утврдување на завршени специјалистичко-консултативни стоматолошки услуги и Методологија за утврдување на цени како и Цени на завршените услуги;*

- *Цени на завршени услуги ОРТОДОНЦИЈА;*
- *Цени на завршени услуги ПРОТЕТИКА;*
- *Цени на завршени услуги ОРАЛНА ХИРУРГИЈА.*

*Сите овие точки од дневниот ред, заради проблематиката што ја третираат, беа разгледувани во пакет.*

*Лазар Трајчев ја образложи потребата од донесување на правилник за критериумите за склучување договори за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко-консултативна стоматолошка здравствена заштита.Со него се регулира можноста Фондот да склучува договори по нов ценовник, со*

*утврдување на методологија за формирање  на цените на завршени услуги. Ова е финална верзија, усогласена со сите релевантни субјекти.*

*Во дискусијата учествуваа: Трајче Леов, д-р Љубиша Каранфиловски, м-р Борис Јосифовски, Георги Тренкоски и д-р Владо Ванковски.*

*Д-р Ванковски ги изнесе своите забелешки и на Предлог-правилникот (член 2, член 3, член 4, член 6, член 7 т.3 и сл.), и на Методологијата, и на Цените на завршени услуги во трите сфери на стоматологијата.Тој посочи недоследности од типот на:  неутврдени критериуми, недефиниран буџет за оваа сфера, неутврден пакет на услуги, погрешно детерминирање на Цените ,,за завршени услуги,, според Ценовник  од 1992 година за специјалистички услуги, но не и за ,,завршени услуги,, . Во однос на цените во сферата на протетиката, ортодонцијата и оралната хирургија наведе дека се добиени три варијанти со различни цени - од  преценети услуги во ортодонцијата до енормно намалени, па од тие причини, како претставник на Стоматолошката и Лекарската комора на Македонија, нема морално право да ги  прифати, туку се оградува од нив.*

*Неговата дискусија ја поддржа и Трајче Леов.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***1. УО на ФЗОМ ги разгледа Предлог- правилникот  за критериумите за склучување договори  за начинот на  плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат  специјалистичко-консултативна стоматолошка здравствена заштита, Методологија  за утврдување на завршени услуги во специјалистичко консултативни стоматолошки услуги и методологија за утврдување на цени на завршените услуги и цени и Цените на завршени услуги ОРТОДОНЦИЈА, Цените  на завршени услуги ПРОТЕТИКА и Цените на завршени услуги ОРАЛНА ХИРУРГИЈА и заклучи дека истите и понатаму остануваат предмет на разгледување на овој УО, со посериозен и поаналитички пристап и образложенија од страна на стручните служби на Фондот.***
***2.  Правилникот, Методологијата и ценовниците  ќе се разгледуваат на следната седница на Управниот одбор, со претходно вградување на сите забелешки од страна на членовите на Управниот одбор на ФЗОМ.***

*Управниот одбор заврши со својата работа во 16:45  часот, со одложување на две точки од дневниот ред, под точка РАЗНО: предлог-правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на плаќањето на лабораториските испитувања во специјалистичко-консултативната здравствена заштита по упат на избран лекар и предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

***Записничар,***
*Мирјана Масевска*

***Управен одбор,***
***претседател,***
***Аљбон Џемаили***